Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11, во врска со член 9 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-507/5 од 23.01.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 2-ра седница одржана на 23.01.2015 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) и тоа:

- постапката и начинот на примање на предлози од заинтересираните страни;
- начинот и местото на објавување на конкурсите, пријавените кандидати и други информации поврзани со постапка за доделба на дозволи и
- податоците и информациите што Агенцијата ќе ги објавува како и начинот на пристап до истите согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

### Член 2

Работата на Агенцијата е јавна.

Агенцијата ја врши својата работа транспарентно овозможувајќи им на заинтересираните страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови и да дадат забелешки и коментари во врска со годишната програма за работа и подзаконските и други акти од надлежност на Агенцијата.

Агенцијата обезбедува информации за граѓаните, радиодифузерите, давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторите на јавни комуникациски мрежи, меѓународните организации и тела.

Агенцијата обезбедува релевантните информации да бидат јавно достапни во согласност со прописите за заштита на личните податоци и прописите за пристап до информации од јавен карактер.

## II. ПОСТАПКА И НАЧИН НА ПРИМАЊЕ НА ПРЕДЛОЗИ ОД ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ И ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

### Член 3

Агенцијата пред да ја донесе годишната програма за работа за наредната година или пред да донесе или измени подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, а кои се однесуваат на работењето на издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, на својата веб страница јавно ќе ја објави предложената годишна програма за работа, односно предложените подзаконски акти, со цел да обезбеди јавна расправа.

Рокот на траење на јавната расправа во врска со донесувањето на годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година, односно во врска со донесувањето или измената на подзаконските акти од став 1 на овој член не смее да биде пократок од 30 дена од денот на нивното објавување на веб страната на Агенцијата.

### Член 4

Заради обезбедување јавна расправа и овозможување на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, Агенцијата може да одлучи, на својата веб страница да ги објави и другите акти за чие донесување и измена е надлежна Агенцијата.

Рокот на траење на јавната расправа за актите од ставот 1 на овој член, го определува Агенцијата, во зависност од видот и карактерот на актот, односно сложеноста на материјата која се уредува со актот.

### Член 5

Додека трае јавната расправа, сите заинтересирани страни своите мислења, гледишта и ставови можат да ги достават во архивата на Агенцијата или по електронска пошта, чија адреса е објавена во рамките на повикот за јавна расправа.

Пред да ги донесе актите кои се на јавна расправа, Агенцијата може да одржи и јавен состанок со заинтересираните страни.

Агенцијата, на својата веб страница јавно ги објавува добиените мислења и коментари, најдоцна во рок од 2 дена од нивното доставување, а ставот на Агенцијата по однос на истите се објавува пред донесувањето на подзаконскиот акт.

### Член 6

Агенцијата организира јавни состаноци најмалку еднаш на три месеци во текот на годината со цел да им овозможи на сите заинтересирани страни, да ги изразат нивните ставови и мислења во однос на развојот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Република Македонија, а особено за:

- состојбите на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- реализација на активностите и исполнување на целите од годишната програма за работа на Агенцијата

На јавните состаноци се повикуваат задолжително: радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање и печатените медиуми.

Поканите за учество на јавните состаноци се доставуваат најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на јавниот состанок.

Агенцијата, на својата веб страница објавува информации за датумот и местото на одржување, како и агенда за јавниот состанок.

Учеството на јавниот состанок се потврдува со писмено известување до Агенцијата, известување преку електронска пошта или со телефонско јавување.

**Член 7**

На седниците на Советот на Агенцијата можат да присуствуваат новинари кои професионално ја следат работата на Советот и други (надворешни) лица кои се заинтересирани да ја следат седницата и тие своето учество го пријавуваат во Агенцијата пред почетокот на седницата.

Агенцијата дневниот ред го објавува на својата веб страница и за тоа ги известува радиодифузерите, печатените медиуми, интернет порталите и информативните агенции, најдоцна еден ден пред денот на одржување на седницата.

## III. НАЧИН И МЕСТО НА ОБЈАВУВАЊЕ НА КОНКУРСИТЕ, ПРИЈАВЕНИ КАНДИДАТИ И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛБА НА ДОЗВОЛИ

### III.1. Доделување на дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс

**Член 8**

Постапката за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е транспарентна и се води на начин што обезбедува еднаков, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во постапката.

За да се обезбеди транспарентност на целата постапка за доделување на дозволи, Агенцијата на својата веб страна ќе ги објави следниве информации поврзани со постапката за доделување на дозволи:

- Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување, со образложение на причините за објавување на јавниот конкурс;
- Студијата за оправданост за објавување на јавен конкурс доколку таа се изработува по писмено барање од заинтересираната страна;
- Јавното истражување за утврдување на потребите на публиката за телевизиско или радио емитување во соодветната сервисна зона;
- Конкурсната документација за јавниот конкурс за доделување дозвола во којашто детално се образложени и допрецизирани сите одредби од одлуката за објавување на јавен конкурс;
- Образецот на Пријава за учество на јавниот конкурс за доделување дозвола;
- Одлуката за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување со детално образложение;

Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување се објавува и во „Службен весник на Република Македонија“, како и во најмалку два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Во „Службен весник на Република Македонија", се објавува и Одлуката за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување со детално образложение.

### Член 9

Агенцијата на својата веб страна го објавува Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите.

### Член 10

Во текот на постапката на доделување на дозволи за телевизиско или радио емитување, Агенцијата може да објави и други информации кои би биле од корист за кандидатите на конкурсот.

### Член 11

По завршување на постапката за доделување на дозволи за телевизиско или радио емитување, односно по донесување на Одлуката за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување, Агенцијата ќе објави информации за кандидатите кои се пријавиле на конкурсот, во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

## III.2. Доделување на дозволи за телевизиско или радио емитување без објавување на јавен конкурс

### Член 12

За доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или сателит, не се распишува јавен конкурс и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна.

Образецот на барањето го изготвува Агенцијата и го објавува на својата веб страница.

Агенцијата ќе донесе одлука за доделување на дозвола во рок од три месеци од денот на приемот на уредното барање и истата ќе ја објави на својата веб страница.

## IV. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ШТО АГЕНЦИЈАТА ЌЕ ГИ ОБЈАВУВА КАКО И НАЧИНОТ НА ПРИСТАП ДО ИСТИТЕ

### Член 13

Подзаконските акти на Агенцијата кои се однесуваат на работењето на издавачите на медиуми, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

Општите акти кои се однесуваат на работењето на Агенцијата, годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година, годишната програма за работа за наредната година, решенијата, одлуките и препораките на Агенцијата се објавуваат само на веб страницата на Агенцијата.

## Член 14

Актите и податоците кои се јавно достапни се објавуваат на веб страницата на Агенцијата и тоа:

- Во рок од седум дена:
    - Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
    - Усвоените записници од седниците на Советот со изјаснувањето и гласањето на членовите на Советот, хрониките од седниците, како и донесените одлуки и други акти;
    - Одлуката за разрешување на директор и заменик на директорот на Агенцијата.

- Во рок од три дена:
    - Изречени мерки против издавач на медиуми, давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање или оператор на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси.

- Најдоцна еден ден пред денот на одржување на седницата на Советот
    - Дневен ред од седницата.

## Член 15

На веб страницата на Агенцијата се објавуваат и следниве податоци:

- основните податоци за контакт со Агенцијата: назив, поштенска адреса, телефонски број, број на факс, електронска адреса за контакт како и телефонски броеви и електронски адреси на вработените во Агенцијата;
- податоци за надлежностите на Агенцијата утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Закон за медиуми;
- подзаконските акти, општите акти, одлуки, решенија и други документи;
- извештај за работа на Агенцијата;
- кодекс за однесување на вработените во стручната служба;
- извештаи од извршени надзори;
- регистар на: даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; радиодифузери, оператори кои реемитуваат програмски пакет и издавачи на печатени медиуми, со датумот на последното ажурирање;
- регистрирани пакети и потврди за регистрирани програмски пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- публикациите кои ги издава како и анализите кои ги изработува Агенцијата;
- обрасци за претставки, образец на програмски концепт;
- повици во постапката за јавните набавки под услови утврдени со закон;
- службено лице или службени лица задолжени за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации и нивните контакт информации (телефонски број, број на факс и е-маил адреса);
- лица задолжени за комуникација со граѓани со попреченост;
- локации за прибирање на сигнали;
- други информации и соопштенија кои произлегуваат од надлежноста и работата на Агенцијата.

Пристапот на веб страницата на Агенцијата е бесплатен.

## V. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Член 16**

Постапката по барањето за пристап до информации, Агенцијата ја спроведува согласно со одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 17**

Агенцијата води листа на податоци и информации со кои располага, а кои се јавно достапни.

Листата од ставот 1 на овој член се објавува на веб страницата на Агенцијата, со датумот на последното ажурирање.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

По влегувањето во сила овој Правилник ќе биде објавен на веб страницата на Агенцијата.

**Бр.01-580/1**
**23.01.2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**